**Доставено до:**

- КМФ БИЦО
- КМФ во Прва лига
- Мак Фудбал
- Архива

Комисија за мал фудбал на ФФМ
Претседавач
Славе Крстев

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-1635/6-2
06.10.2016 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Бранко Здравевски – Претседавач, Сабри Алими-член и Дејан Бошков- член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. бр. 15-1635/6 од 27.09.2016 против ФК Ренова АД Тетово, за извикување на расистички слогани од трибините, на натпреварот помеѓу ФК Ренова АД Тетово и ФК Вардар АД Скопје одигран на ден 25.09.2016 година во рамки на 7 коло од Прва МФЛ, врз основа на член 36 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 06.10.2016 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. ФК Ренова АД Тетово **СЕ КАЗНУВА** со парична казна во висина од 1.000.оо (илјада) Евра, врз основа на член 36 од ДП на ФФМ, поради извикување на расистички слогани од страна на гледачи на трибините на натпреварот помеѓу ФК Ренова АД Тетово и ФК Вардар АД Скопје одигран на ден 25.09.2016 година во рамки на 7 коло од Прва МФЛ.

2. СЕ ЗАДОЛЖУВА ФК Ренова АД Тетово, по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3. Казната тече од 30.09.2016 година.

4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## Образложение

Дисциплинската Комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари, бр. 15-1635/6 од 27.09.2016 против ФК Ренова АД Тетово, за извикување на расистички слогани од трибините, на натпреварот помеѓу ФК Ренова АД Тетово и ФК Вардар АД Скопје одигран на ден 25.09.2016 година во рамки на 7 коло од Прва МФЛ, поведе постапка со одлука бр. 0801-1635/6-1 на 30.09.2016 година со која го задолжи клубот и официјалните лица на натпреварот да достават изјави во врска со настанот во рок од 3 дена од прием на одлуката.
Клубот уредно ја примил одлуката, по што достави Изјава бр. 0301-97/16 од 04.10.2016 година во која наведуваат дека за натпреварот биле цеосно концентрирани и не слушнале расистички извикување. Не ја исклучуваат можнсота некој несовесен навивач да се однесувал недолично, меѓутоа сметаат дека како клуб се немоќни нешто да сторат по тој основ. Истакнуваат дека против нив никогаш не била поведена постапка по овој основ, и бараат комисијата да го има во предвид нивното досегашно однесување.
Комисијата на седницата одржана на 06.10.2016 година, постапувајќи по пријавата ги разгледа списите во предметот и тоа : Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот, Делегатскиот дополнителен извешта, известување од ФК Ренова бр. 0301-91/16 од 23.09.2016 година и изјавата од клубот, по што ја утврди следната фактичка состојба.
На ден 25.09.2016 година во рамки на 7 коло од Прва МФЛ е одигран натпреварот помеѓу ФК Ренова АД Тетово и ФК Вардар АД Скопје. На натпреварот не биле присутни организирани навивачки групи на гостите. Во текот на натпреварот при дуел игра на играчот на ФК Вардар Дос Реис Боарето Џонатан со бр. 89 со играчи на ФК Ренова АД од Тетово од страна на гледачи од публиката во 3 наврати извикувале расистички слогани на сметка на фудбалерот со бр.89.

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 36 став 1 и 2 од ДП на ФФМ, казнив согласно член 38 став 1 од ДП на ФФМ. Комисијата при одмерување на казната ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретниот случај, и од причина што клубот претходно е неказнуван во оваа сезона, утврди дека постојат особено олеснителни околности и дека и со ублажена казна може да се постигне целта на казнувањето, по што ја примени одредбата од член 3 став 6 од ДП на ФФМ поради што донесе одлука како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач,**
**Бранко Здравевски с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**

**ФК Ренова АД Тетово**
**Комисија за натпревари**
**Судиска комисија**
**Одделение за финансии**
**АРХИВА НА ФФМ**

Деловоден бр. 0801- 1635/6-2

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-1635/7-2
06.10 2016 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Бранко Здравевски – Претседавач, Сабри Алими-член и Дејан Бошков- член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1635/7 од 27.09.2016 против ФК Влазерими 77 од Кичево, за слаба организација – присуство на неслужбени лица во службени простории на 1/8 финале Куп натпреварот помеѓу ФК Влазерими 77 од Кичево и ФК Вардар АД од Скопје одигран на ден 21.09.2016 година, врз основа на член 49 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 06.10.2016 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. ФК Велазерими 77 СЕ КАЗНУВА со парична казна во висина од 250 (двестотини и педесет) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. СЕ ЗАДОЛЖУВА ФК Велазерими 77, по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3. Одлуката стапува на сила веднаш.

4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## Образложение

Дисциплинската Комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари, бр. 15-1635/7 од 27.09.2016 против ФК Влазерими 77 од Кичево, за слаба организација – присуство на неслужбени лица во службени простории на 1/8 финале Куп натпреварот помеѓу ФК Влазерими 77 од Кичево и ФК Вардар АД од Скопје одигран на ден 21.09.2016 година, поведе дисциплинска постапка по член 49 од ДП на ФФМ на ден 30.09.2016 година.

Комисијата на седницата одржана на ден 06.10.2016 година, постапувајќи по пријавата ги разгледа списите во предметот и тоа: записник од Комисија за натпревари, записник од натпреварот, изјава од судијата, изјава од делегатот на натпреварот, изјава од ФК Велазерими од Кичево по што ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 21.09.2016 година на Стадионот ФК Влазерими во Кичево е одигран натпреварот од 1/8 финале од Куп на Македонија помеѓу екипите на ФК Велазерими 77 од Кичево и ФК Вардар АД Скопје. Делегатот на натпреварот увидел пред почетокот на натпреварот дека има нетрпеливост кон главниот судија на овој натпревар од страна на домаќините, поради што се обратил до присутните лица од МВР да обезбедат и да внимаваат на заштита на судиите. По завршување на првото полувреме на натпреварот на теронот бил извршен притисок врз судиската четворка од страна на службени лица на домаќинот и неслужбени лица присутни во служени простории на игралиштето. Овие лица недолично се однесувале и упатиле пцовки и закани од секаков вид кон судиската четворка на натпреварот. Полувремето на натпреварот траело 25 минути од причина што од судиите било побарано да се обезбедат услови за непречено одвивање на преостанатиот дел од натпреварот што било направено. По завршување на натпреварот од страна на припадниците на МВР, судиската четворка била безбедно испратен од игралиштето.

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 49 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.

Деловоден бр. 0801- 0801-1635/7-2

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач,**
**Бранко Здравевски с.р**

**ПРАВНА ПОУКА:** **Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје**

**ДН:**

**ФК Велазерими 77 Кичево**
**Комисија за натпревари**
**АРХИВА НА ФФМ**

Деловоден бр. 0801- 0801-1635/7-2

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0801-1635/8-2
06.10 2016 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Бранко Здравевски – Претседавач, Сабри Алими-член и Дејан Бошков- член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1635/8 од 27.09.2016 против Ариф Алими од Кичево, Комесар за безбедност на ФК Велазерими 77 од Кичево, за обид за физички напад на главниот судија на натпреварот помеѓу ФК Велазерими 77 и ФК Вардар АД Скоје одигран на ден 21.09.2016 година, врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 06.10.2016 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. На Ариф Алими од Кичево, Комесар за безбедност на ФК Велазерими 77 од Кичево, поради неспортско однесување кон судиите натпреварот помеѓу ФК Велазерими 77 и ФК Вардар АД Скоје одигран на ден 21.09.2016 година му се изрекува дисциплинска казна – Забрана за вршење на функција во траење од 1 (еден) месец.

2. Казната тече од 22.09.2016 година.

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

## **Образложение**

Дисциплинската Комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари, бр. 15-1635/8 од 27.09.2016 против Ариф Алими од Кичево, Комесар за безбедност на ФК Велазерими 77 од Кичево,, за обид за физички напад на главниот судија на натпреварот помеѓу ФК Велазерими 77 и ФК Вардар АД Скоје одигран на ден 21.09.2016 година, ги разгледа предложените докази од страна на пријавувачот и тоа: записник од Комисија за натпревари, записник од натпреварот, изјава од судијата по што врз основа на член 47 од ДП на ФФМ поведе дисциплинска постапка, и ги задолжи службените лица и пријавениот да достават изјави во врска со настанот.

Пријавениот достави изјава до дисциплинската комисија во која изјавува дека во не се точни наводите на судиите, натпреварот бил организиран во најдобар ред и немало никакви инциденти.

Делегатот на натпреварот пред комисијата даде своја усна изјави дека пристигнал 1 час и 45 минути пред натпреварот, бил добро пречекан од домаќините, кои кон него се однесувале коректно. Меѓутоа од нивна страна постоела нетрпеливост кон главниот судија делегиран на овој натпревар од претходно. Поради ова ги контактирал лицата задолжени за безбедност и побарал присуство на МВР со цел да не дојде до инцидент, што било и направено. Потврдува дека пред влезот кон службените простории каде се изготвува записникот имало присуство и на неслужбени лица. На полувремето кога судиите се упатиле кон судиските простории имало вербални довикување од страна на претставници на домаќините како и од неслужбени лица кон судиите, меѓутоа истиот не забележал ескалација ниту дека некој од судиите е нападнат. За ова се интересирал и од припадниците на МВР присутни на натпреварот кои му потврдиле дека немало инциденти, освен вербална расправија.

Комисијата на седницата ги разгледа списите во предметот и тоа: записник од Комисија за натпревари, записник од натпреварот, изјава од судијата, изјава од делегатот на натпреварот, изјава од пријавениот по што ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 21.09.2016 година на Стадионот ФК Влазерими во Кичево е одигран натпреварот од 1/8 финале од Куп на Македонија помеѓу екипите на ФК Велазерими 77 од Кичево и ФК Вардар АД Скопје. Делегатот на натпреварот увидел пред почетокот на натпреварот дека има нетрпеливост кон главниот судија на овој натпревар од страна на домаќините, поради што се обратил до присутните лица од МВР да обезбедат и да внимаваат на заштита на судиите. Пријавениот уште пред почеток на натпреварот вербално ги нападнал судиите. По завршување на првото полувреме на натпреварот на теренот бил извршен притисок врз

судиската четворка од страна на Ариф Алими, кој вербално ги напаѓал судиите, а посебно главниот судија.
Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, не утврди постоење на елементите предвидени во член 47 од ДП на ФФМ, меѓутоа ценејки ги сите докази утврди дека е сторен прекршок согласно одредбата од 35, по што имајки го во предвид и член 3 од ДП на ФФМ, донесе одлука како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач,**
**Бранко Здравевски с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје**

**ДН:**

**ФК Велазерими 77 Кичево**
**Комисија за натпревари**
**Судиска комисија**
**АРХИВА НА ФФМ**

Деловоден бр. 0801- 1635/8-2

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-1635/9-2
06.10 2016 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Бранко Здравевски – Претседавач, Сабри Алими-член и Дејан Бошков- член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1635/9 од 27.09.2016 против Џевдет Далипи од Кичево, Секретар на ФК Велазерими 77 од Кичево, за обид за физички напад на главниот судија на натпреварот помеѓу ФК Велазерими 77 и ФК Вардар АД Скоје одигран на ден 21.09.2016 година, врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 06.10.2016 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. На Џевдет Далипи од Кичево, секретар на ФК Велазерими 77 од Кичево, поради неспортско однесување кон судиите натпреварот помеѓу ФК Велазерими 77 и ФК Вардар АД Скоје одигран на ден 21.09.2016 година му се изрекува дисциплинска мерка – ОПОМЕНА.

2. Одлуката стапува на сила веднаш

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

## Образложение

Дисциплинската Комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари, бр. 15-1635/8 од 27.09.2016 против Џевдет Далипи од Кичево, Секретар на ФК Велазерими 77 од Кичево, за обид за физички напад на главниот судија на натпреварот помеѓу ФК Велазерими 77 и ФК Вардар АД Скоје одигран на ден 21.09.2016 година, ги разгледа предложените докази од страна на пријавувачот и тоа: записник од Комисија за натпревари, записник од натпреварот, изјава од судијата по што врз основа на член 47 од ДП на ФФМ поведе дисциплинска постапка, и ги задолжи службените лица и пријавениот да достават изјави во врска со настанот.

Пријавениот достави изјава до дисциплинската комисија во која изјавува дека е изненаден од пријавата за физички напад. Истакнува дека натпреварот започнал да го следи од трибините, меѓутоа на полувреме бил повикан од комесарот за безбедност да помогне да се отстранат луѓето кои биле сместени на спратот на соблекувлните на барање на главниот судија. Како што било побарано со помош на припадници на МВР овие лица биле отстранети. Истакнува дека воопшто не му се приближил на главниот судија, ги отфрла во целост наводите дека се обидел физички да го нападне и напоменува дека по завршување на натпреварот вербално му дофрлил на главниот судија дека е срамота тоа што го прави. Истакнува дека судиите безбедно биле испратени до своето возило.

Делегатот на натпреварот пред комисијата даде своја усна изјави дека пристигнал 1 час и 45 минути пред натпреварот, бил добро пречекан од домаќините, кои кон него се однесувале коректно. Меѓутоа од нивна страна постоела нетрпеливост кон главниот судија делегиран на овој натпревар од претходно. Поради ова ги контактирал лицата задолжени за безбедност и побарал присуство на МВР со цел да не дојде до инцидент, што било и направено. Потврдува дека пред влезот кон службените простории каде се изготвува записникот имало присуство и на неслужбени лица. На полувремето кога судиите се упатиле кон судиските простории имало вербални довикување од страна на претставници на домаќините како и од неслужбени лица кон судиите, меѓутоа истиот не забележал ескалација ниту дека некој од судиите е нападнат. За ова се интересирал и од припадниците на МВР присутни на натпреварот кои му потврдиле дека немало инциденти, освен вербална расправија.

Комисијата на седницата ги разгледа списите во предметот и тоа: записник од Комисија за натпревари, записник од натпреварот, изјава од судијата, изјава од делегатот на натпреварот, изјава од пријавениот по што ја утврди следната фактичка состојба:
На ден 21.09.2016 година на Стадионот ФК Влазерими во Кичево е одигран натпреварот од 1/8 финале од Куп на Македонија помеѓу екипите на ФК Велазерими 77 од Кичево и ФК Вардар АД Скопје. Делегатот на натпреварот увидел пред почетокот на натпреварот дека има нетрпеливост кон главниот судија на овој натпревар од страна на домаќините, поради што се обратил до присутните лица од МВР да обезбедат и да внимаваат на заштита на судиите. По завршување на првото полувреме на натпреварот на теренот бил извршен притисок врз судиската четворка од страна на Џевдет Далипи, секретар на ФК Велазерими 77 од Кичево, кој неспорски се однесувал кон главниот судија со што сторил прекршок утврден во член 35 од ДП на ФФМ.
Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, не утврди постоење на елементите предвидени во член 47 од ДП на ФФМ, меѓутоа ценејќи ги сите докази утврди дека е сторен прекршок согласно одредбата од 35, по што имајќи го во предвид и член 3 од ДП на ФФМ, донесе одлука како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач,**
**Бранко Здравевски с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје**

**ДН:**

**ФК Велазерими 77 Кичево**
**Комисија за натпревари**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-1635/10-1
06.10 2016 год.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а вв со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Бранко Здравевски – Претседавач, Сабри Алими-член и Дејан Бошков- член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1635/10 од 27.09.2016 година против Наумче Бакрачевски со ИД 100196, фудбалер на ФК Металург АД од Скопје исклучен од натпреварот одигран во рамки на 6 коло од Втора МФЛ помеѓу ФК Еуромилк од Скопје и ФК Металург АД од Скопје на ден 24.09.2016 година, поради втор жолт – црвен картон и обид за физички напад врз судијата, и непристојно однесување врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 06.10.2016 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. На Наумче Бакрачевски со ИД 100196, фудбалер на ФК Металург АД од Скопје исклучен од натпреварот одигран во рамки на 6коло од Втора МФЛ помеѓу ФК Еуромилк од Скопје и ФК Металург АД од Скопје на ден 24.09.2016 година, поради неспортско однесување (втор жолт) му **СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 1(еден) првенствен/куп натпревар.**

2. Дисциплинската мерка тече од 25.09.2016 година.

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

## Образложение

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. бр. 15-1635/10 од 27.09.2016 година против Наумче Бакрачевски со ИД 100196, фудбалер на ФК Металург АД од Скопје исклучен од натпреварот одигран во рамки на 6 коло од Втора МФЛ помеѓу ФК Еуромилк од Скопје и ФК Металург АД од Скопје на ден 24.09.2016 година, поради втор жолт – црвен картон и обид за физички напад врз судијата, и непристојно однесување, ги разгледа предложените докази и тоа: билтен од 27.09.2016 година, записник од натпреварот, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, изјава од ФК Металург АД од Скопје, увид во видео запис од натпреварот и ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 24.09.2016 година на стадионот Цементарница во Скопје е одигран натпреварот во рамки на 6 коло од Втора МФЛ помеѓу ФК Еуромилк од Скопје и ФК Металург АД од Скопје. Главниот судија на натпреварот во 16 минута му доделил жолт картон на фудбалерот со број 22 поради неспортско однесување. Во 33 минута на истиот фудбалер, главниот судија на натпреварот му доделив втор жолт картон поради недозволен старт. По добивање на вториот жолт картон, фудбалерот со број 22 неспортски се однесувал кон главниот судија. Комисијата од видео записот на натпреварот неможеше да утврди дека фудбалерот со своето однесување сторил дисциплински прекршок предвиден во член 35 од ДП.

Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата земјаќи ги во предвид сите околности од член 3 од ДП на ФФМ констатира дека со ваквото неспортско однесување пријавениот сторил прекршок утврден во член 35 од ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседател**
**Бранко Здравески с.р**

Деловоден број 0801- 1635/10-1

**ПРАВНА ПОУКА:** **Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**
**ФК Металург АД Скопје**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0801-1651/3-1
06.10 2016 год.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а вв со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Бранко Здравевски – Претседавач, Сабри Алими-член и Дејан Бошков- член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1651/3 од 30.09.2016 година против Лазар Илијев со ИД 100921, фудбалер на ФК Брегалница 2008 од Штип исклучен од натпреварот одигран во рамки на 8 коло од Прва МФЛ помеѓу ФК Брегалница АД од Штип и ФК Македонија Ѓорче Петров АД од Скопје на ден 28.09.2016 година на стадионот во Кочани, поради насилничко однесување, врз основа на член 42 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 06.10.2016 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Лазар Илијев со ИД 100921, фудбалер на ФК Брегалница 2008 од Штип, поради удирање на противнички играч без посед на топка на натпреварот одигран во рамки на 8 коло од Прва МФЛ помеѓу ФК Брегалница АД од Штип и ФК Македонија ЃП АД од Скопје му **СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 5 (пет) првенствен/куп натпревар.**

2. Дисциплинската мерка тече од 29.09.2016 година.

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

## Образложение

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. бр. 15-1651/3 од 30.09.2016 година против Лазар Илијев со ИД 100921, фудбалер на ФК Брегалница 2008 од Штип исклучен од натпреварот одигран во рамки на 8 коло од Прва МФЛ помеѓу ФК Брегалница АД од Штип и ФК Македонија ЃП АД од Скопје на ден 28.09.2016 година на стадионот во Кочани, исклучен со директен црвен карто во 79 минута од наптреварот поради насилничко однесување, ги разгледа предложените докази и тоа: записник од натпреварот, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, делегатски дополнителен извештај и ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 28.09.2016 година одигран е натпреварот во рамки на 8 коло од Прва МФЛ помеѓу ФК Брегалница АД од Штип и ФК Македонија ЃП АД од Скопје на стадионот во Кочани. Во 79 минута од натпреварот играчот со број 10 во прекин на игра удрил играч на противничката екипа, по што од страна на главниот судија му е покажан црвен картон.

Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата земјаќи ги во предвид сите околности од член 3 од ДП на ФФМ констатира дека со ваквото однесување пријавениот сторил прекршок утврден во член 42 од ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседател**
**Бранко Здравески с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**
**ФК Брегалница 2008 од Штип**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Деловоден број 0801- 1651/3-1

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-1651/4-1
06.10 2016 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Бранко Здравевски – Претседавач, Сабри Алими-член и Дејан Бошков- член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1651/4 од 30.09.2016 против Јуксел Јесинова, претставник на ФК Брегалница 2008 од Штип, исклучен во 86 минута поради неспортско однесување на натпреварот одигран во рамки на 8 коло од Прва МФЛ помеѓу ФК Брегалница АД од Штип и ФК Македонија ЃП АД од Скопје на ден 28.09.2016 година на стадионот во Кочани, врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 06.10.2016 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. На Јуксел Јесинова, претставник на ФК Брегалница 2008 од Штип, поради неспортско однесување на натпреварот одигран во рамки на 8 коло од Прва МФЛ помеѓу ФК Брегалница АД од Штип и ФК Македонија ЃП АД од Скопје на ден 28.09.2016 година на стадионот во Кочани му се изрекува дисциплинска мерка – ОПОМЕНА.

2. Одлуката стапува на сила веднаш

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

### Образложение

Дисциплинската Комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари, бр. 15-1651/4 од 30.09.2016 против Јуксел Јесинова, претставник на ФК Брегалница 2008 од Штип, исклучен во 86 минута поради неспортско однесување на натпреварот одигран во рамки на 8 коло од Прва МФЛ помеѓу ФК Брегалница АД од Штип и ФК Македонија ЃП АД од Скопје на ден 28.09.2016 година на стадионот во Кочани, ги разгледа предложените докази од страна на пријавувачот и тоа: записник од Комисија за натпревари, записник од натпреварот, изјава од судијата, изјава од пријавениот по што ја утврди следната фактичка состојба.
На ден 28.09.2016 година на стадионот во Кочани одигран е натпреварот во рамки на 8 коло од Прва МФЛ помеѓу ФК Брегалница АД од Штип и ФК Македонија ЃП АД од Скопје. Во 86 минута од натпреварот Јуксел Јесинов, претставник на ФК Брегалница 2008 од Штип некоректно се однесувал кон главниот судија, по шт му е исклучен од натпреварот. .
Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, утврди дека пријавениот сторил прекршок согласно одредбата од 35, по што имајќи го во предвид и член 3 од ДП на ФФМ, донесе одлука како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач,**
**Бранко Здравевски с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје**

**ДН:**

**ФК Брегалница 2008 од Штип**
**Комисија за натпревари**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Деловоден бр. 0801- 1651/4-1

ФФМ

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-1672/5-1
06.10 2016 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Бранко Здравевски – Претседавач, Сабри Алими-член и Дејан Бошков- член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-1672/5 од 04.10.2016 против Селими Ерхан тренер на ФК Шкендија АД од Тетово поради неспортско однесување на натпреварот помеѓу ФК Пелистер АД од Битола и ФК Шкендија АД од Тетово одигран на ден 02.10.2016 година во рамки на 9 коло од Прва МФЛ, врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 06.10.2016 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. На Селими Ерхан тренер на ФК Шкендија АД од Тетово поради неспортско однесување на натпреварот помеѓу ФК Пелистер АД од Битола и ФК Шкендија АД од Тетово одигран на ден 02.10.2016 година во рамки на 9 коло од Прва МФЛ му се изрекува дисциплинска мерка – ОПОМЕНА.

2. Одлуката стапува на сила веднаш.

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

## Образложение

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари, бр. 15-1672/5 од 04.10.2016 против Селими Ерхан тренер на ФК Шкендија АД од Тетово поради неспортско однесување на натпреварот помеѓу ФК Пелистер АД од Битола и ФК Шкендија АД од Тетово одигран на ден 02.10.2016 година во рамки на 9 коло од Прва МФЛ, ги разгледа предложените докази од страна на пријавувачот и тоа: записник од Комисија за натпревари, записник од натпреварот, изјава од судијата, дополнителна изјава од судијата, дополнителен извештај од делегатот на натпреварот, по што ја утврди следната фактичка состојба:
На ден 02.10.2016 година на Стадионот во Битола се одиграл натпреварот во рамки на 9 коло од Прва МФЛ помеѓу ФК Пелистер АД Битола и ФК Шкендија АД Тетово. По завршување на првото полувреме од натпреварот Ерхан Селими тренер на ФК Шкендија АД Тетово во подтрибинскиот простор неспортски, со висок тон се обидел да разговара со главиот судија во однос на донесените одлуки во текот на првото полувреме од натпреварот поради што од страна на главниот судија истиот бил санкциониран и отстранет од техничкиот простор.
Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, утврди дека Селими Ерхан тренер на ФК Шкендија АД Тетово со своето однесување сторил прекршок согласно одредбата од 35, по што имајки го во предвид и член 3 од ДП на ФФМ, донесе одлука како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач,**
**Бранко Здравевски с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје**

Деловоден бр. 0801- 1672/5-1

**ДН:**

**ФК Шкендија АД Тетово**
**Комисија за натпревари**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Деловоден бр. 0801- 1672/5-1

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-1672/4-1
06-10 2016 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Бранко Здравевски – Претседавач, Сабри Алими-член и Дејан Бошков- член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1672/4 од 04.10.2016 против ФК Ренова АД Тетово, за слаба организација и присуство на неслужбено лице на натпреварот од 9 коло Прва МФЛ помеѓу ФК Ренова АД Тетово и ФК Победа АД Прилеп одигран на ден 02.10.2016 година во Тетово, врз основа на член 36 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 06.10.2016 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. **СЕ ПОВЕДУВА** дисциплинска постапка против ФК Ренова АД Тетово по член 35 од ДП на ФФМ поради слаба организација и присуство на неслужбено лице на натпреварот од 9 коло Прва МФЛ помеѓу ФК Ренова АД Тетово и ФК Победа АД Прилеп одигран на ден 02.10.2016 година во Тетово.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** ФК Ренова АД Тетово и службените лица од натпреварот да достават изјави во врска со настанот во рок од 3(три) дена од приемот на одлуката.

## Образложение

Дисциплинската Комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари, бр. 15-1672/4 од 04.10.2016 против ФК Ренова АД Тетово, за слаба организација и присуство на неслужбено лице на натпреварот од 9 коло Прва МФЛ помеѓу ФК Ренова АД Тетово и ФК Победа АД Прилеп одигран на ден 02.10.2016 година во Тетово, ги разгледа предложените докази од страна на пријавувачот и тоа: записник од Комисија за натпревари, записник од натпреварот, дополнителен делегатски извештај, и врз основа на член 35 од ДП, на ФФМ одлучи како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач,**
**Бранко Здравевски с.р**

**ДН:**

**ФК Ренова АД Тетово**
**Комисија за натпревари**
**Судиска комисија**
**АРХИВА НА ФФМ**

Деловоден бр. 0801- 1672/4-1

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-1672/7-1
06.10 2016 год.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а вв со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Бранко Здравевски – Претседавач, Сабри Алими-член и Дејан Бошков- член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1672/7 од 04.10.2016 година против Енис Дервиши со ИД 1672/7, фудбалер на ФК Тетекс АД од Тетово исклучен од натпреварот одигран во рамки на 9 коло од Втора МФЛ помеѓу ФК Тетекс АД од Тетово и ФК Вардар од Неготино на ден 01.10.2016 година година, поради втор жолт – црвен картон, врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 06.10.2016 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. На Енис Дервиши со ИД 1672/7, фудбалер на ФК Тетекс АД од Тетово исклучен од натпреварот одигран во рамки на 9 коло од Втора МФЛ помеѓу ФК Тетекс АД од Тетово и ФК Вардар од Неготино на ден 01.10.2016 година година, поради втор жолт картон му **СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 1(еден) првенствен/куп натпревар.**

2. Дисциплинската мерка тече од 02.10.2016 година.

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

## Образложение

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1672/7 од 04.10.2016 година против Енис Дервиши со ИД 1672/7, фудбалер на ФК Тетекс АД од Тетово исклучен од натпреварот одигран во рамки на 9 коло од Втора МФЛ помеѓу ФК Тетекс АД од Тетово и ФК Вардар од Неготино на ден 01.10.2016 година година, поради втор жолт – црвен картон ги разгледа предложените докази и тоа: записник од натпреварот, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, дополнителен делегатски извештај и ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 01.10.2016 година на игралиште на АМС спортски центар Тетово е одигран натпреварот во рамки на 9 коло од Втора МФЛ помеѓу ФК Тетекс АД од Тетово и ФК Вардар од Неготино. Главниот судија на натпреварот во 84 минута му доделил жолт картон на фудбалерот со број 22 поради недозволен старт. Во 90+3 минута на истиот фудбалер, главниот судија на натпреварот му доделив втор жолт картон поради недозволен старт.

Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата земјаќи ги во предвид сите околности од член 3 од ДП на ФФМ констатира дека со ваквото неспортско однесување пријавениот сторил прекршок утврден во член 35 од ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседател**
**Бранко Здравевски с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**
**ФК Тетекс АД Тетово**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Деловоден број 0801- 1672/7-1

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секој СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална ба нка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

ТЕЛЕФОН 02/3204-470 ТЕЛЕФАКС 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**